*РЕАГИРАЊА*

# Скандалозно расчленување

(Продолжение од 11 стр.)

ативна енергија. Ќе бевме бескрајно среќни ДЛУМ да има 1.000 членови, а од нив да произлезат пет врвни творци што ќе блеснат на небото на Европа. И големите сликарски нации не бликаат со светски имиња. И сега-замислете си таа формула на телата на ДЛУМ да се примeнеше во друштвото на писателите, музичарите, актерите? Требаше да настане лом на штета, пред сè, на творците и нацијата...

И нели е газење на критериумите на творците: Иван Велков, Жарко Јакимовски, Миле Корубин, Ангел Гавровски, Гроздан Крстевски и Доне Милајковски претходни членови на Уметничкиот совет заедно со претседателот Глигор Чемерски кои 1993 година примија 41 нови членови на ДЛУМ според сега оспорените критериуми? Дали сегашните членови на Уметничкиот совет се поголеми „естети“ од своите докажани претходници? Нихилизмот никогаш не водел кон прогрес оти Сфифт има кажано: „Никој не е толку слеп како оној што не сака да види“. А авторите на „одлуката“ се понесоа токму така. Еве, зошто: Манев има кажано: „На неколку состаноци – Уметничкиот совет многу одговорно, внимателно и професионално ја разгледа активноста на сите свои членови неколку години наназад и според криериумите на Советот се одлучи на 40-тина членови (заедно со починатиот) да им престане натамошно членување во ДЛУМ?! А, како тие господа успеале на тие неколку состаноци да ја разгледаат професионално и многу одговорно активноста на одбиените членови кога тие зад себе имаат стаж од 10-20 години, најмалку 300 самостојни изложби, а ваква документација во ДЛУМ не постои од проста причина што каталозите се кај авторите и само делумно им се достапни на тие што ја донеле одлуката. Оваа мала лага со долга опашка е достојна за Гинисовата книга на светските чуда.

Грозната изјава на Манев во „Дневник“ дека „ДЛУМ не треба да биде културна депонија“ е „историска“ глупост и нелогичност...!?! Каков погодок во празно, изјава исполнета со брутална жестокост досега не е чуена во културното живеење на Македонија!?! Рацете кои ја потпишаа таа одлука ќе останат со дамки кои времето никогаш нема да ги избрише. Па, на тристоте изложби биле прикажани по 20 сликарски платна, тоа се 6.000 слики... Зар не ви беше срам да плукнете врз нив? Или можеби никогаш не сте прочитале дека Ниче има кажано: „Колку малку фантазија имаме за болката што им ја нанесуваме на другите“... За да почувствувате барем мал дел од таа болка ќе се соочите со тужбите кои веќе се пишуваат, а Судот е тој кој ќе ја фрли вашата „одлука“ на буништето на нашето современие!

На крајот, и ова: во биографските податоци од VI Зимски салон пишува – Коле Манев завршил ликовна академија I степен 1965 година, а е член на ДЛУМ од 1963 година!?! Заклучок: тој нема завршено академија, и бил примен со средно образование, а таквите сега ги исклучува!?! Ете, дека делата се пресудни за творецот. Ристевски фрла дрвја и камења врз ликовната критика, критериумите во галериите, весниците. И наспроти сè, со исклучок на Ефтим Клетников, Златко Теодосиевски и Владимир Георгиевски, она што боли е фактот дека ниеден ликовен творец не реагираше на одлуката.